## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е управна организација со статус на самостоен орган на државната управа која е надлежна за спроведување на управна постапка за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост, но има и пошироки надлежности утврдени со Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.21/2009, бр.24/2011, 12/2014, 41/2014, 152/2015, 53/2016, 83/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020).

Надлежностите на Заводот се однесуваат и на иницирање на ратификации на меѓународни договори, следење на нивното извршување, соработка со меѓународни, европски и регионални организации за индустриска сопственост, соработка со други субјекти вклучени во системот на заштита на правата од индустриска сопственост, промоција на заштитата на индустриската сопственост и друго.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2023 ГОДИНА

**Приоритети и приоритетни цели на Заводот за 2023 година се**

1. Зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост;
2. Создавање систем на заштита соодветен на европските и светските стандарди;
3. Јакнење на соработката со заводите за индустриска и интелектуална сопственост од другите држави и во тие рамки потпишување договор за билатерална соработка со Заводот на Грција;
4. Јакнење на соработката на полето на индустриската сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација;
5. Јакнење на соработката во областа на патентите со Европскиот патентен завод;
6. Јакнење на соработката со Заводот за интелектуална сопственост на Европска Унија;
7. Интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита;
8. Јакнење на системот на заштита на индустриската сопственост;
9. Натамошно покачување и јакнење на нивото на соработката помеѓу институциите инволвирани во заштитата и спроведувањето на правата на интелектуална сопственост;
10. Поттикнување на користењето на индустриската сопственост како основ за економски развој;
11. Прераснување на Државниот завод за индустриска сопственост во сервисно ориентирана институција;
12. Јакнење на соработката помеѓу Државниот завод за индустриска сопственост и невладиниот сектор.